# М И С Л Е Њ Е
## на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје кон Годишниот извештај за работењето на Банката во 2018 година

Годишниот извештај за работењето на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2018 година вклучува податоци кои се реален показател за макроекономските и пазарни услови на работење, глобалната економска ситуација, нарушеното функционирање на пазарите и рестриктивната кредитна политика од една страна, но и заложбите на органите на управување и вработените во Банката во остварување на стратешките определби и зацртаните плански активности за 2018 година.

Годишниот извештај го презентира управувањето со ризиците, усогласеноста со супервизорските стандарди, финансиските активности, работењето на органите на Банката, управувањето со човечките ресурси, маркетинг активностите како поддршка на стратегијата за развој и креирање корпоративен имиџ и развојот на информатичката технологија.

Во Извештајот на систематизиран начин се презентирани остварувањета по одделни банкарски активности, и тоа како во поглед на основните финансиски активности, така и за сите останати активности кои придонесуваат за стабилно работење, подобро и квалитетно управување со Банката, почитување и усогласување со целокупната законска регулатива.

Според нашето мислење, Извештајот дава вистинска и објективна слика за работењето на Банката во текот на 2018 година.

**НАДЗОРЕН ОДБОР**
Претседател
Сава Далбоков

**ПРЕДЛОГ**

# О Д Л У К А
## за усвојување на Годишниот Извештај за работењето на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2018 година

Врз основа на член 29 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје на Седницата одржана на ден 27.05.2019 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2018 година**

1. Со оваа одлука се усвојува Годишниот извештај за работењето на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2018 година.
2. Годишниот извештај за работењето на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2018 година претставува прилог и составен дел на оваа одлука.
3. Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач